На само 4 км., северозападно од Гевгелија, се наоѓаат познатите Негорски бањи**,** каде што во прекрасниот амбиент со јасенова шума се наоѓаат двата извори со минерална вода, познати како "Врела бања" и "Ладна бања" со температура на водата од 40 степени Целзиусови, односно од 38 степени Целзиусови. Негорските бањи, покрај големиот број на гости кои доаѓаат на лекување на повеќе болести во базените и модерно опременото одделение за физикална терапија, претставуваат прочуена мека за спортистите. Климатските погодности, како и уредените спортски терени, привлекуваат голем број

спортски екипи од земјата и странство, кои во зимските месеци престојуваат во еден од трите хотели на бањите со капацитет 300 легла.

4.4 Податоци за сообраќајна изграденост и поврзаност

Покрај Гевгелија поминува една од најзначајните трансферзали со европските патишта, автопатот А1(Е-75) и меѓународната железничка пруга Скопје-Солун, кои ги поврзуваат Средна и Источна Европа со јужниот дел на Европскиот континент, а понатаму со Блискиот исток.
Гевгелија е распослана крај самата македонско-грчката граница, на десното крајбрежје од реката Вардар, а на нејзината територија се наоѓаат патниот граничен премин Богородица-Евзони и железничкиот Гевгелија-Идомени.
Најголемото балканско пристаниште на Егејското море Солун е на само 70 километри од Гевгелија, која пак е оддалечена 158 километри од метрополата на Република Македонија - Скопје.
Низ транзитниот Коридор 10 годишно минуваат над 4 милиони патници, што несомнено зборува дека Гевгелија претставува значајна транзитна крстосница.
Сообраќајниот систем во општината Гевгелија е застапен како патен и железнички, додека водениот и воздушниот сообраќај не се застапени.
Низ територијата на општината минува автопатот А1 преку кој е поврзана Средна Европа со Грција и Мала Азија. Должината на овој пат во територијата на општината изнесува околу 20 км. Патот оди по долината на реката Вардар и е во добра состојба. Во општината постојат и регионални патишта: Р-111 ја поврзува Гевгелија преку Богданци за Нов Дојран, Стар Дојран до преминот преку Грчката граница, а од Крстопатот се поврзува со патот Р-604 за Валандово и Удово, односно Струмица, Радовиш и Штип и Р-112 Гевгелија - Моин - Коњско - Смрдлива Вода.
Железничката пруга од нормален колосек Скопје - Гевгелија - Солун представува дел од меѓународната линија Атина - Париз, за Македонија представува витална сообраќајна врска со светот.
Општината Гевгелија по воздушен пат со светот е поврзана преку аеродромот Скопје, оддалечен околу 100 км.
Реката Вардар која поминува низ територијата на општината не е пловна, макаршто има услови да се обезбеди нејзината пловност во рамките на Европскиот пловен систем, но за таков потфат во догледно време нема реални изгледи, ни општествено - политички, ни финансиски.
Градот Гевгелија поврзан е со сообраќајната мрежа на општината, регионот и државата преку три излезни правци: на исток со автопатот, односно Богданци и Дојран, на север со Негорци и Демир Капија (стариот пат кон Скопје) и на запад кон Моин и Кожуф планина.

Магистралниот патен правец - автопатот А1(Е-75) граница со Србија-Куманово-Миладиновце-Велес-Гевгелија-граница со Грција кој го дефинира опфатот е изграден во согласност со Просторниот план на РМ, и клучката за излез кон Гевгелија е постоечка, како и патните правци:
Р-103 - (Скопје-врска со Р-101,М-3 И М-4-кл.Ченто-Катланово-Велес- Неготино-Гевгелија-врска со М-1 и Р-111);
Р-111 - (Гевгелија-врска со Р-103 и М-1-Богданци-Фурка-врска со Р-604) и Р-112 - (Гевгелија-врска со Р-103-Моин-Конско-Смрдлива река-врска со Р- 109).

5. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура

За целосно согледување на постојната состојба извршено е детално истражување по пат на директен увид на лице место - теренска работа и направена е детална анализа на добиените податоци.
При увид на лице место утврдено е дека во планираното проширување на планскиот опфат за ГУП на град Гевгелија кон запад, не постои изграден градежен фонд.

6. Инвентаризација и снимање на постојни споменички целини, градби од културно-историско значење и културни предели (заштитно-конзерваторски основи)

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09,124/10,53/11,53/11), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижно културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.
Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.
Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.
Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижно културно наследство од посебно значење.
Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.
Согласно Законот за заштита културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, бр. 115/07), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.
Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во руралните населби и ридско-планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.
На подрачјето кое е предмет на анализа регистрирани се недвижни културни добра (Екпертен елаборат):

1. Археолошки локалитет "Сува Река", Гевгелија, железно време;
2. Археолошки локалитет 'Вардарски Рид", Гевгелија, м.в. Гевгелиски Рид";
3. Училишна зграда, Конско, 20 век;
4. Железничка станица, ул. 'Борис Кидрич " 66., Гевгелија;
5. Објект на ул. 'Маршал Тито " бр. 170, Гевгелија;
6. Турски амам, ул. '7-ми Ноември, Гевгелија;
7. Стара чаришја, Гевгелија;

Во **Археолошката карта на Република Македонија,** која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентирани се локалитети:

● **КО Гевгелија -** *Вардарски Рид,* повеќеслојна населба и некропола со траги од енеолитско до римско време, се наоѓа на источниот рид на градот, на десниот брег на Вардар; *Гевгелија,* депо на монети од хелинистико време; *Раул,* некропола од римско време, во дворот на Казнено- поправниот дом; *Сува Река - Парагон,* некропола од железно време, се наоѓа во јужниот дел на градот;

● **КО Мрзенци -** *Манастир* - Над селото, населба од доцноантичко време, се наоѓа на околу 500 м западно од селото и во близина на крстопатот за Негорци и Гевгелија; *Црква*- средновековен сакрален објект, се наоѓа на ридот што се издига високо над селото, во непосредна близина на селската црква;

7. Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура

7.1 Електична инфраструктура

Од преносната мрежа на 110 кВ, на 4 км. од планираното проширување на планскиот опфат е диспозиционирана ТС 110/35/20/10 Гевгелија. Ова трафостаница е напојна точка на потрошувачите од планскиот опфат, преку дистрибутивна мрежа од 10 кВ далноводи и подземна инсталација.

7.2 Телефонска инфраструктура

Во град Гевгелија, телефонската инфраструктура е изведена со подземни инсталации.

Во проширувањето на планскиот опфат не е евидентирана телефонска инсталација.

7.3 Енергетска инфраструктура

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, представува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минумум. Изграденият крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Македонија но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради магистрален вод Клечовци-Неготино со крак Штип-Радовиш-Струмица-Гевгелија со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион.
Заради зголемување на сигурноста во снабдувањето со нафта и нафтени деривати на Р.Македонија изграден е нафтоводот Скопје-Солун со кој се овозможува транспорт на два милиони тони сирова нафта од пристаништето во Солун до Рафонеријата ОКТА. Трасата на изведениот **нафтовод Скопје-Солун** минува источно од проширувањето на опфатот на Гевгелија.

7.4 Водоводна инфраструктура

Водоснабдувањето во општината, тестирано според националните стандарди, се врши од две главни бунарски подрачја: бунарското подрачје Моин, кое обезбедува 80% од потребите, и изворите во близина на реката Вардар.
Мрежата за водоснабдување е долга 676 км и, главно, е застарена (повеќе од 30 години). Оттука и потребата од продолжување на започнатата реконструкција и од замена на старите азбестни и цементни цевки.
Јавното комунално претпријатие „Комуналец", основано од страна на општината, е одговорно за водоснабдувањето во општината.
Во проширувањето на планскиот опфат не е евидентирана водоводна инсталација.

7.5 Канализациона инфраструктура

Најголемиот дел од општината е покриен со канализациона мрежа. Само во општина Гевгелија речиси 90% од градот Гевгелија е покриен со канализациона мрежа, чија должина изнесува 43 км. Тоа е претежно комбиниран систем за одведување на фекалните и на атмосферските води. Овој систем е мошне непрактичен и потребно е одвојување на атмосферските од фекалните води.
Во проширувањето на планскиот опфат не е евидентирана канализациона инсталација.

8.Инвентаризација и снимка на бесправно изградените градби

Во експертните елаборати кои се составен дел на ППРМ е евидентиран значителен обем **на бесправна градба во Гевгелија.** Од тие причини препорака од ППРМ е да се посвети особено внимание на изнаоѓање начин за надминување на оваа појава и решавање на статусот на бесправните објекти кои веќе постојат во Гевгелија.
За успешно надминување на бесправната градба како појава со битни и бројни реперкусии во просторот, неопходно е нејзино систематско третирање на следните нивоа:

На ниво на ГУП кој ги утврдува процесите на урбанизација, миграторни движења и диспропорции во развојот;

На ниво на детално урбанистичко планирање кое по пат на регулација и парцелација треба да овозможи реализација на потребите на граѓаните за семејна изградба во рамките на реалните можности На ниво на земјоделскага политика, во смисол на решавање на станбеното прашање на земјоделското население во зависност од основната дејност на тој простор (земјоделието);

На ниво на сганбената политика со која се дефинира начинот на решавање на станбените проблеми;

На ниво на комуналната политика со која треба да се дефинираат обврските на јавните комунални претпријатија и системи во поглед иа ограничено приклучување на објектите без градежни дозволи; На ниво на законодавната политика со кој бесправната градба треба да се воведе во домен на кривична одговорност;

На ниво на катастарот со кој треба да се отежнува изградбата на објекти без соодветна документација;

На ниво на општинските служби кои треба да оневозможат ситнење на земјоделското земјиште за идна бесправна градба, за што е потребна и законска поддршка;

На ниво на општинските инспекциски служби кои неминовно бараат кадровско и организационо јакнење;

На ниво на земјишната политика со која треба од една страна да се спречи шпекулацијата со земјиштето, а од друга да се стимулира градба од индивидуални инвеститори, со посебна контрола на градба на земјоделско земјиште;

На ниво на банкарскиот систем кој треба да стимулира кредитна станбена изградба за индивидуалните инвеститори;

На ниво на локалната управа која треба да изврши подобрување во организациона смисла заради побрзо издавање на потребна документација.

9.Анализа на степен на реализација на важечките урбанистички планови

Податоците презентирани во ГУП на град Гевгелија, измена и дополна, плански период 2006-2016, во однос на реализираните намени соодветствуваат со планираните намени. Во однос на реализацијата на клучните проекти за градот Гевгелија, се констатира дел од нив не се направени, поточно не е реализирана изведбата на регулирано корито на р.Сува, како предуслов за евентуалната реализација на блок 8 во кој се планирани повеќе намени.
Исто така согледувањата за реализацијата на блок 16 од аспект на планираните намени – сервиси и стоваришта, се дека тие намени не соодветствуваат со показателите за тој блок, односно нема реални можности за изградба на тој тип намена, заради барањата за нови простори за намената домување, бидејќи ширењето на градот е возможно само кон западната страна, заради природните ограничувања кон север и југ (Мрзенски рид, р.Сува) како и создадените чинители кон исток (трасата на автопатот А1(Е-75) и железничката пруга СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР).
Од аспект на сообраќајното решение, согласно податоците од Општина Гевгелија, може да се констатира дека категоризацијата на постоечките и планираните улици не соодветствува со реалната состојба на градот и сообраќајниот проток на возила. Имено постоечките улици Булевар Гевгелија и 7-ми Ноември бидејќи се директно поврзани со регионални и магистрални

патни правци имаат третман на магистрални градски улици, а новопланираната ул.Западна магистрала кој не е изведена според планираниот попречен профил, иако е планирана како магистрална улица, не е директно поврзана со регионалните патни правци, трасата е на мало растојание од ул.7-ми Ноември, поголем дел минува во наменски зони за индивидуално домување, и поради тоа нејзината категоризација претставува проблем при реализацијата на деталните урбанистички планови.
Исто така категоризирањето на дел од постоечките и планираните улици како собирни улици и оформувањето на мали делови од блок помеѓу нив, особено кај блоковите 4, 7, 12, 15 и 16, не дозволи логично сообраќајно разгранување од примарната мрежа на собирни улици кон секундарната мрежа на сервисни кон станбени или индустриски улици, односно наметна потреба да во деталните урбанистички планови разработката на сообраќајните решенија биде само до степен на сервисна улица.
Од тие причини потребно е целосно анализирање на сообраќајното решение од ГУП на град Гевгелија, измена и дополна, плански период 2006-2016, и изработка на ново решение, кое треба да изнајде начини за растеретување на сообраќајот во централното градско подрачје и траси на нови обиколници кон клучката со автопатот А1(Е-75) и поврзувањето со регионалните патни правци:
Р-103 - (Скопје-врска со Р-101,М-3 И М-4-кл.Ченто-Катланово-Велес- Неготино-Гевгелија-врска со М-1 и Р-111);
Р-111 - (Гевгелија-врска со Р-103 и М-1-Богданци-Фурка-врска со Р-604) и Р-112 - (Гевгелија-врска со Р-103-Моин-Конско-Смрдлива река-врска со Р- 109).

Во однос на планираното проширување на ГУП на град Гевгелија, за овој простор можат да се црпат податоци само од Условите за планирање на просторот како Извод од Просторниот план на Република Македонија.
Интенцијата на овој Нацрт план е утврдување на наменски зони согласно со планираните намени и развојни целини за проширувањето на планскиот опфат, согледување на неусогласеностите од претходната планска документација и измени на намените во неколку блокови со имплементација на новонастанатите насоки за развој, како и подобрено сообраќајно решение за идна целосна реализација во согласност со потребите и функциите на градот за планираниот период на развој.

10. Анализа на можностите за просторен развој

Планираните намени во планскиот опфат согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10,64/11,98/11,169/11,98/11,169/11), се следните:
1. Домување - (група на класа на намена **-А)**
- А0 - домување со посебен режим
- А1 - домување во станбени куќи
- А2 - домување во станбени згради

2. Комерцијални и деловни намени (група на класа на намена **-Б)**
- Б1 – мали комерцијални и деловни намени
- Б2 – големи трговски единици
- Б3 – големи угостителски единици
- Б4 – деловни простори

- Б5 – хотелски комплекси
- Б6 – градби за собири

3. Јавни институции - (група на класа на намена **-В)**
- В1 - образование
- В2 - здравство и социјална заштита
- В4 – државни институции
- В5 – верски институции

4. Производство, дистрибуција и сервиси - (група на класа на намена **- Г)**
- Г2 – лесна и незагадувачка индустрија
- Г3 - сервиси
- Г4 – стоваришта

5. Зеленило и рекреација - (група на класа на намена **-Д)**
- Д1 – парковско зеленило
- Д2 -заштитно зеленило
- Д3 – спорт и рекреација
- Д4 - меморијални простори

6. Инфраструктура - (група на класа на намена **- Е)**
- Е1 - комунална инфраструктура
- Е2 - комунална супраструктура
- Е3 – некомпатибилна инфраструктура

Анализата на можностите за просторен развој го издвојува следното:
- Поврзаност на предметниот простор со системот на примарната сообраќајна мрежа;
- Сообраќајна поврзаност со околните населени места и нивната структура и инфраструктура;
- Можности за поврзување на инфраструктурните водови за снабдување со елекртоенергија и телекомуникации;
- Можности за поврзување на системот за водоснабдување;
- Можности за изнесување на отпадните води од локалитетот;
- Чиста животна средина;
- Добри микроклиматски услови.

Основа за изработка на планот е стратегијата за развој и наменската употреба на земјиштето утврдено со усвоениот Просторен план на Република Македонија 2002-2020 година.

Анализата на можностите за просторен развој го условува планирањето.

Исто така во планирањето посебно треба да се има предвид и следното:
- приоритети и потреби;
- корелативни условености;
- систем на градба со оформување на градежни парцели;
- проточност на сообраќајот;
- економска исплатливост.

За планирање на просторната организација потребни се критериуми кои планот ќе го дефинира како развоен документ кој ќе го валоризира и заштити соседското право и јавниот интерес.
Во дефинирање на планскиот концепт важни се следните критериуми:

- Дефинирање на сообраќајна мрежа;
- Рационална парцелација на земјиштето на градежни парцели;
- Задоволување на современите норми за градење и работа во рамките на важечките норми за урбанистичко планирање;
- Условување на сообраќајна инфраструктура за безбеден пристап до секој објект;
- Условување на пешачкото движење во функција на инвадилизирани лица, без бариери;
- Условување на потребите за паркирање да се решат во сопствените парцели;
- Задоволување на потребите од енергија преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;
- Поврзување на секој објект на инфраструктурната мрежа за телекомуникациски услуги;
- Задоволување на потребите од водоснабдување (санитарна и техничка вода за полевање и противпожар) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;
- Адекватно и рационално прифаќање на отпадни води (фекални и атмосферски одделно) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;

Анализата покажува дека на овој локалитет е можна реализација на планираните класи на намена со целосно почитување и имплементирање на соодветни критериуми, што значи дека е можен просторен развој на локалитетот.

11.Извод од план од повисоко ниво

Просторен план на РМ

1. Појдовни основи

Со донесувањето на Просторниот план на Р.Македонија 2004год. се утврдени услови за хумано живеење и работа на граѓаните, рационално управување со просторот. Имајќи ја во предвид важноста на овој докумен се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Р.Македонија (Сл.Весник на Р.М.39/04), со кој се утврува начинот и динамиката на спроведување на Просторниот план.

Према просторниот план на Р.Македонија, развојот на селските населби и селските подрачја во досегашниот период, непосредно се одвивал во услови на доминантно влијание на урбаните центри и процесите на деаграризација и дерурализација.

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на стопанските активности во Просторниот план на Република Македонија се базира на дефинираните цели на економски развој во Националната стратегија на економски развој, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот и поставеноста на системот на населби, како и политика на порамномерна и порационална просторна организација на стопанството.

Реализацијата на концептот претставува изработка на просторни и урбанистички планови од регионално и локално ниво кои ќе се темелат на

основните услови и претпоставки за остварување на целите и определбите поставени во областа на развојот и разместеноста на стопанските дејности.

Стопанството на Р. Македонија, а со тоа и стопанството на пооделни општини, со оглед на ограничената сопствена акомулација и потребата за поинтензивен стопански развој и менување на неповолната стопанска структура и натаму ќе биде упатено на користење на дополнителна акомулација од стопанството.

Развојот на индустријата во одделни општини, се очекува да се остварува со градби на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.

Изградбата на оваа мултифункционална зона ќе биде во функција на развојот на индустријата и локалната економија. Согласно одредбите на Просторниот план на Р.Македонија за рационално користење и заштита на просторот идниот развој и разместеност на производните дејности на овој простор треба да се базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животна средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната средина.

2. Цели

- Интензивирање на позитивните форми на трансформација и социо-економски развој на селото преку оптимално искористување на ресурсите и зголемена динамика на економскиот развој, согласно со современите принципи на пазарното стопанство;
- Зголемување на нивото на економската и социјалната згриженост со непосредно влијание врз зголемувањето на мотивираноста на селското население и искаживање на траен интерес за опстанок во матичната средина, целосна афирмација на сите аспекти на живеење и стопанисување во руралната средина и создавање неопходна и социјална сигурност;
- Зголемено ниво на функционална и комунална опременост и планско уредување на селските населби, подобрување на локалната сообраќајна инфраструктура и ефикасна комуникациска поврзаност со центрите од повисоко ниво;
- Зачувување и унаредување на природните вредности и еколошки атрибути на просторот и афирмирање на културолошките особености и вредности.

3. Плански одредби

Развојот на селото и селските подрачја во идниот период ќе се одвива согласно програмата која ќе произлезе од резултатите на претходно изработен интердисциплинарен научно истражувачки и развоен проект.

Приоритетна задача претставува целосното активирање на потенцијалните релевантни за развојот на стопанството, подобрувањето на животните и работните услови и трајно мотивирање на населението за опстанок во матичната средина.

Улогата на државата ќе биде афирмативна преку селективен и стимулативен пристап кој има за цел:

- Да се иницираат позитивните промени во вреднувањето на селото и земјоделското производство како професионална определба и извор на егзистенција;
- Да се создадат услови за рехабилитација и афирмирање на руралниот начин на живеење преку инфраструктурно екипирање на селските населби и ефикасно сообраќајно и комунално поврзување;

- Комплексна валоризација на најзначајните природни и создадени потенцијали на туристичката понуда за странски и домашен туризам, диференцирани во однос на туристичките вредности и содржини, а во согласност со трендовите на меѓународната;
- Инвентаризација на површините кои се водат по „угари и необработени ораници ", оценка на нивниот квалитет и исплатливост на земјоделско производство и разграничување на квалитет од неквалитет;
- Стимулирање на на потребата на населението за траен опстанок во матичната средина преку целосна афирмација на најбитните аспекти на живеењето и стопанисувањето и се создава неопходна социјална и економска сигурност;
- Запазување и афирмирање на културните и природните посебности и вредности и запазување на квалитетот на животната средина во селските подрачја;
- Стимулирање на изградбата и користењето на туристичката инфраструктура и опрема;
- Стимулирање на диференцијацијата на туристичките потенцијали според видот , квалитетот, квантитетот, положбата, природните и создадените вредности;

4. Насоки и елементи за изработка на просторни и урбанистички планови

(текст преземен од Просторниот План на Р.Македонија)

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Од аспект на екопомските основи на просторниот развој **се препорачува:**

- Реализацијата на измените и дополнувањата на ГУП Гевгелија, со кои се предвидува проширување на постојниот плански опфат на западната страна, со површина од околу 80 ха, ќе биде во функција на развој на локалната економија, доколку се предвидат нови површини за производни и услужни дејности. Во доставеното барање за изработка на Условите за планирање на просторот наведено е дека намената на просторот во прошириниот дел ќе биде утврдена согласно законската и подзаконска регулатива релевантна за изработка на урбанистички планови, планската програма и развојните програми на општината.
- Според определбите на Просторниот план идниот развој и разместеност на економските дејности треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии на економските дејности врз животната и работна средина.

Од аспект на заштита на земјоделско земјиште **се препорачува:**

- При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија). Приоритет е заштитата на земјоделското земјиште и ограничување на трансформација на земјиштето од 1-1У класа во неземјоделско земјиште.
- Врз основа на Законот за земјоделско земјиште (Сл. весник на РМ бр. 135/07 од 08.11.07), пренамена на земјоделско земјиште се регулира со членовите 48, 49, 50, 51. Согласно Член 49, при зафаќање на нови земјоделски површини од 1, 2, 3 и 4 бонитетна класа предвидени со програмата за изработка на урбанистички

планови, **ЕЛС се** должни **да прибаваат согласност за трајна пренамена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.**

Од аспект на **шуми и шумско земјиште** се препорачува:

- Поради заштитата и можностите за користење на шумите и шумското земјиште во наредниот период е потребно да се подобруваат и унапредуваат шумите и шумското земјиште со цел да се зголеми количината, квалитетот и прирастот на дрвната маса, а со тоа ќе се зголеми влијанието на неопходните општокорисни функции, остварување на можните оптимални економски и останати ефекти кои ќе имаат позитивно влијание врз севкупниот развој.
- Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен план и програма.

Од аспект на водостопанска инфраструкшура **се препорачува:**

- Со Просторниот план на Р. Македонија усвоената водоснабдителната норма за градот Гевгелија изнесува 400 л/ден/жител. Со усвоената водоснабдителна норма се покриваат потребите од вода за населението, лесната индустрија, комунална хигиена (миење улици, поливање зеленило), загубите од вода и др.
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман во пречистителна станица. Отпадните води може да бидат испуштени од како нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со "Уредба за категоризацијата на водите";
- Доколку индустриските капацитети, во границите на планскиот опфат, испуштаат отпадни води од технолошкиот процес кои содржат материи што ќе го оневозможат непреченото функционирање на канализационата мрежа и идната пречистителна станица, потребно е да бидат подложени на претходен третман пред да бидат испуштени во градската канализација;
- Во 2006 год. започната е изградба и реконструкцијата на системи за нзводнување, односно реализација на проектот "Јужна Вардарска Долина" Во 2007 год. завршена е првата фаза, во втора фаза се предвидува изградба на системи за наводнување на површина од 3.904 ха на системите Миравци, Удово, Валандово, Грчиште, Кованци, Негорци/Прдејци, Паљурци и **Гевгелија.**
- За заштита на просторот од поплави и големи води при изработката на плацската документација за површините кои се наоѓаат покрај водотеците да се предвидат мерки согласно Законот за води.

Од аспект на енергетски извори и енергетска инфраструктура **се препорачува:**

- Проширувањето на планскиот опфат нема конфликт со постојните и планирани енергетски и комуникациски водови.

Од аспект на **урбанизација** се препорачува:

- Процесот на проширување на зоната на изградено земјиште, дефинирано со урбаниот опфат на планската документација (ГУП да биде насочен кон

поефикасно и порационално искористување на градежното земјиште во постојните граници, во согласност со важечките стандарди и нормативи.

- дестимулација на проширувањето на градското градежно земјиште, а преку воведување на посебни мерки стимулирање на порационално и поефикасно искористување на постојната ангажирана површина;
- проширување на опфатот на градежното земјиште за исклучителни потреби: сообраќајни и енергетски објекти и коридори, заштитни системи и комплекси, шумски и комплекси на заштитно зеленило, производни и други важни објекти од општествено значење;
- стимулирање на изградба во постојните граници на градското градежно земјиште, преку примена на еколошки и економски мерки и планерски нормативи и стандарди;

- респектирање и обиовување на идентитетот на градската населба и квалитативно подобрување на условите за живеење и работа преку: оптимализација на густините во станбените и работните зони, респектирање на постојната урбанистичко-архитектонска матрица, интерполирање на неопходни содржини кои не се во колизија со основните функции, екипирање со елементи на комуналната инфраструктура, зголемување на зелените површини и елиминирање на колизионите фактори.

Од аспект на **домувањето** се препорачува:

- **Основна определба на** станбената изградба во областа на домувањето **во** Гевгелија, во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности;
- Проекцијата на потребниот станбен простор за во планскиот период треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20-25 м^2/жител станбена површина, 40-80 м^2/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд;

Од аспект на **јавни функции** се препорачува:

- Организација на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, да поаѓа од постојната мрежа на јавните функции со запазување на пропишаните стандарди и нормативи согласно Просторниот план на Р. Македонија и под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционални и други промени кои се во тек;

Од аспект на **индустријата** се препорачува:

- Реализацијата на измените и дополнувањата на ГУП Гевгелија со кои се предвидува проширување на постојниот плански опфат на западната страна, со површина од околу 80 ха, ќе биде во функција на развој на индустријата доколку се предвидат нови површини со производна намена и согласно определбите на Просторниот план на Р. Македонија треба да бидат применети принципите за заштита на животната средина и одржлив локален развој .

- Значајна определба утврдена со Просторниот план на Република Македонија е рационалното користење на земјиштето заради што се препорачува пред да се предложат нови површините со производна намена да се согледа искористеноста на постојните површини и врз основа на економска анализа да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на дополнителни површини за индустрија и мало стопанство

Од аспект на **сообраќај и врски** се препорачува:

- Наведените показатели ја потврдуваат добрата поставеност на градот Гевгелија во однос на сообраќајните правци и текови во Р. Македонија.
- При планирањето да се почитува заштитна зона на регионалниот патен правец доколку тој поминуваат низ градот или во непосредна близина на предметното прошрување на урбаниог опфат на градот Гевгелија, согласно Законот за јавни патишта (Сл.в. на РМ, бр. 84/08, бр. 52/09, бр. 114/09 и бр.124/10,53/11,53/11).

Од аспект на заштита на животната средина **се препорачува:**

- Стриктно почитување на одредбите за спроведување на Просторниот план на Република Македонија.
- **Генералните урбанистички планови треба да содржат стратешка оцена на влијание врз животната средина,** согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, пречистен текст (Сл. весник на РМ, бр. 24/08), Закон за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр.91/09 и бр.124/10,53/11,53/11), Законот за животната средина (Сл.весник на РМ бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10 и бр.124/10,53/11,53/11) и Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето (Сл. весник на РМ, бр.153/07).
- Согласно Законот за животната средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10 и бр.124/10,53/11,53/11) и Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.в. на РМ, бр.74/05 и бр.109/09), определени се проектидза^, кои задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина (Прилог I од оваа Уредба) и генерално определени проекти за кои се утврдува потребата за **спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина** (Прилог II од оваа Уредба), пред да се издаде решение за спроведување на проектот. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја утврдува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
- Правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина, согласно Законот за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10 и бр.124/10,53/11,53/11) и Законот за заштита на природата (Сл. в. на РМ бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07 и бр.35/10), се должни да изготват **Елаборат за заштита на животната средина** со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, ѓгред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до

органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. Надлежноста за одобрување на елаборатот се утврдува согласно Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлеженградоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје (Сл.в. на РМ бр.80/09) и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборатот а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Сл.в. на РМ бр.80/09).

- **Мониторинг на квалитетот на воздухот** на ниво на целата општина и следење и контрола на емисиите во непосредната околина на самите извори на загадување. Се препорачува имплементација на уреди за пречистување на отпадните гасови и пареи, и интерен мониторинг на квалитетот на воздухот, во склоп на стопанските и индустриските комплекси, предвидени во ГУП Гевгелија - измена и дополна, со цел усогласување со пропишаните гранични вредности во Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл.в. на РМ, бр.141/10).
- **Пречистување на отпадните води и задолжително испитување на пречистените отпадни води** пред испуштање во реципиентот, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на присутни материите во истиот, во согласност со Уредбата за класификација на водите и Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води;
- **Избегнување и намалување на количеството на создадениот отпад** и неговото негативно влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето, и постапување со отпадот согласно Закон за управување со отпадот (Сл.в. на РМ, бр.68/04, бр.71/04, бр.107/07, бр.102/08, бр.143/08 и бр.124/10,53/11,53/11);
- Организирано **депонирање на отпадот** во постојната депонија, се до изградба на предвидената регионална санитарна депонија во Гевгелиската гравитациона зона, согласно Просторниот план на Р.Македонија;
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Превземање на мерки и активности за **избегнување или намалување на бучавата,** со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата врз здравјето на населението во непосредната околина и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Заштитата, унапредувањето и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во просторот, во име на зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- Предвидување на зелени коридори долж сообраќајниците од аспект на заштитата на квалитетот на животната средина;
- Максимално користење на слободните простори за озеленување, предвидување на зелени заштитни зони, простори за спорт и рекреација;
- Одржување на крајбрежната вегетација на водотеците, за заштита од ерозивен нанос. Од аспект на заштита на **природното наследство** се иреиорачува:
- Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија (Сл. весник на РМ,

бр.39/04) и Картата на природни реткости на Република Македонија, изготвена од Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет - Скопје, на просторот којшто е предмет на изработка на Генерален урбанистички план Гевгелија - измена и дополна, нема регистрирано и евидентирано природно наследство.

- Доколку при изработка на урбанистичката планска документација или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природното наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата (Сл. в. на РМ бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07 и бр.35/10).

Од аспект на културно историско наследство **се препорачува:**

- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ бр.20/04, бр.115/07), од носно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.

Од аспект на **развој на туризмот** се препорачува:

- **Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на** Шарско-Полошки туристички регион со 3 туристички зони и 14 туристички локалитети.
- Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Од аспект на заштита од воени разурнувања, природни и техничко - технолошки катастрофи **се препорачува:**

- Локалитетите за кој се изработува **измената и дополната па Генералниот урбанистички план на град Гевгелија,** се наоѓаат во зона со **IX степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.** Овие услови налагаат потреба од строго почитување на условите за асеизмичка градба на објектите и инфраструктурата.

Задолжителна е примена на мерки за заштита од пожар.
Локалитетите за кој се изработува **измена и дополна на Генералниот урбанистички план на град Гевгелија и се наоѓаат во простори со висок степен на загрозеност од воени разурнувања,** што наметнува потреба од примена на мерките за заштита и спасување во согласност со член 53 од Законот заштита и спасување

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Вовед

ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања, се донесува во согласност со програмата на Општина Гевгелија и го изработува правно лице со лиценца за изработка на урбанистичка планска документација согласно член 18 од Законот.

Планскиот опфат за ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања, плански период 2011-2021, се поклопува со дел од границата на ГУП на град Гевгелија 2006-2016, од северната, источната и јужната страна, а проширувањето е направено од западната страна, северно и јужно од патот за Моин-Коњско-Смрдлива Вода.

Границата на горенаведениот плански опфат е дадена во графичките прилози, а вкупната површина на планскиот опфат изнесува **887.9 ха.**

За планскиот опфат се издадени Решение за услови за планирање., врз база на кое се изработени Услови за планирање од страна на Агенцијата за планирање на просторот со 30110 од ноември 2010.

Географската положба и сообраќајната поврзаност одат во прилог на идејата за проширување на планскиот опфат.

ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања, ќе претставува основа за реализација на Детални урбанистички планови, и ќе донесе насоки за изработка на Детални урбанистички планови и за наменската употреба на земјиштето.

Цели

Планот кој е основен развоен документ, има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето;
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот;
- оформување препознатлива амбиентална целина;
- оформување на урбанистичката и архитектонска целина;
- почитување и валоризација на културното и градителско наследство;
- вградување на заштитни мерки;
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;
- предвидување на мерки за заштита и спасување;

Планираните намени во планскиот опфат согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање намените се следните:

1. Домување - (група на класа на намена **-А)**

- А0 - домување со посебен режим
- А1 - домување во станбени куќи
- А2 - домување во станбени згради

2. Комерцијални и деловни намени (група на класа на намена **-Б**)

- Б1 – мали комерцијални и деловни намени
- Б2 – големи трговски единици
- Б3 – големи угостителски единици
- Б4 – деловни простори
- Б5 – хотелски комплекси
- Б6 – градби за собири

3. Јавни институции - (група на класа на намена **-В**)

- В1 - образование
- В2 - здравство и социјална заштита
- В4 – државни институции
- В5 – верски институции

4. Производство, дистрибуција и сервиси - (група на класа на намена **- Г**)

- Г2 – лесна и незагадувачка индустрија
- Г3 - сервиси
- Г4 – стоваришта

5. Зеленило и рекреација - (група на класа на намена **-Д**)

- Д1 – парковско зеленило
- Д2 -заштитно зеленило
- Д3 – спорт и рекреација
- Д4 - меморијални простори

6. Инфраструктура - (група на класа на намена **- Е**)

- Е1 - комунална инфраструктура
- Е2 - комунална супраструктура
- Е3 – некомпатибилна инфраструктура

Методологија

Основа за изработка на планот е Стратегијата за одржлив развој, Условите за планирање произлезени од Просторниот план на РМ, постоечката планска документација и Планската програма, утврдена од надлежните институции и Нарачателот.

Документациската основа, која е прилог кон овој план, е базниот аналитичко-плански документ врз кој е изработен ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања.

ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања, е изработен врз основа на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09,124/10,53/11).

Постапката за донесување на планот ќе се води согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање(Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09,124/10,53/11).

1.Вид на планска документација

Планската документација претставува Генерален урбанистички план, и се изработува во согласност со член 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09,124/10,53/11) со содржина од член 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање и во согласност со Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на Република Македонија број 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10,64/11,98/11,169/11), како и другата законска регулатива што го допира планирањето.

Планот има важност од 10 години, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09,124/10,53/11).

Планскиот период за кој се изработува Генерален урбанистички план за град Гевгелија, измени и дополнувања е за временски период од 2011-2021.

2.Географска и геодетска местоположба со граница на планскиот опфат

Предметниот плански опфат за ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања 2011-2021 е дефиниран со следните граници:
Север – КО Мрзенци:КП 1271, 1270, ја пресекува 1269, ја пресекува 145, ја пресекува 146, 144, ја пресекува 155, ја пресекува 833, ја пресекува 927, ја пресекува 928, ја пресекува 926, ја пресекува 933, сообраќаен коридор на автопат А1(Е-75), осовина на канал Рауљ, осовина на рег.корито на р.Вардар,осовина на рег. корито на р.Сува,

КО Гевгелија:КП 206, 248/2, 248/41, 250, 252, 275, 277, 315, 317, 321, 367, 642, ја пресекува 649, 645, 648, 663, 662, 650, ја пресекува 649, ја пресекува 354, 353, ја пресекува 352, ја пресекува 350, ја пресекува 334, 329, ја пресекува 330/1, ја пресекува 337, ја пресекува 338, ја пресекува 649, осовина на рег. корито на р.Сува, ја пресекува 7515, ја пресекува 7545, ја пресекува 7511, 7535/3, 7536, ја пресекува 7529, ја пресекува 7525, ја пресекува 7531/2, ја пресекува 7531/1, ја пресекува 7566, 7562/2, 7563/3, 7564/2, ја пресекува 7566, ја пресекува 7567/1, 7566, 7590, 6432, ја пресекува 6456, ја пресекува 6421, ја пресекува 6418, сообраќаен коридор на Р1108 , 6393, 6372/3, 6372/2, 6368, ја пресекува 6367, 5909, 6169, 6030, 6173, 6174,

6170/3, ја пресекува 6167, ја пресекува 418, ја пресекува 398, ја пресекува 396, ја пресекува 392/1, 392/61, 392/41, ја пресекува 393, 387, ја пресекува 69, 84, 81, 43, 49/1, 49/2, ја пресекува 30, 45, 38, 13.

КО Мрзенци: КП 1601, 1609, 1605/1, 1607, 1606, 1605/2, ја пресекува 1665, ја пресекува 58, 1374, 1373, 1372, 1371, 1350, 1351, 1352, 1353, 1354, 1356, 1357, 1358, 1360, 1664, 1414, 1415, 1416, 1417, 1418, 1419, 1420, 1421, 1291, 1292, 1294, 1296, 1297, 1283, 1280, 1279, 1275, 1274, 1273, 1272.

Границата на горенаведениот плански опфат е дадена во графичките прилози, а вкупната површина на планскиот опфат изнесува **887.9 ха.**

3.Текстуални одредби од изводот од план од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот опфат

Во Условите за планирање, произлезени од Просторниот план на РМ, акцент се става врз бонитетот на земјоделското земјиште, како и заштитата на животната средина.

Условите за планирање, произлезени од Просторниот план на РМ, се составен дел од Документационата основа на планот.

Во согласност со Законот заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10,53/11)задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

Мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи

Во согласност со:

- Закон за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10,53/11)
- Закон за пожарникарство (Сл. в. на РМ бр 67/04, 81/07)
- Закон за управување спо кризи (Сл.в.на РМ бр. 29/05)
- Закон за управување со кризи (Сл в. на РМ бр: 29/05)

и другите позитивни прописи предвидени се следните мерки:

- Сите објекти треба да се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 6,0 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.
- Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да

се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

- Ивичниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.
- Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа мора да се предвиди прстенест систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм.

Хидрантите треба да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законската регулатива.

- За сите објекти да се предвиди громобранска инсталација во согласност со законската регулатива.

Мерки за заштита и спасување од урнатини

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

Мерки за заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на проектна документација за добивање на Решение за локациски услови задолжителна е изработката на елаборати за геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Мерки за Радиолошка, Хемиска и Биолошка заштита

Во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10,53/11), член 56 и 87, да се предвидат следните мерки:

- да се предвидат мерки за заштита на луѓето, добитокот и растенијата од радиолошка, хемиска и биолошка опасност во согласност со законските прописи
- за ефикасна заштита на населението и материјалните добра, установите задолжително да обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на марките за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

9.3 Мерки за заштита на културното наследство

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство согласно Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на Р.М. бр.20/04, 115/07).

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,151/07,91/09,124/10,53/11), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата на недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.
Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.
Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижно културно наследство од посебно значење.
Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

1. Генералниот урбанистички план за градот Гевгелија, е основен документ, со кој се определени границите на вкупниот опфат на градот и границите на основната територијална поделба на урбани блокови, определени за градба.
2. Во Урбаните блокови извршено е зонирање според содржините во просторот, основната намена домувањето и сите содржини што го пратат, општествениот сектор, јавните функции, стопанството, зеленилото, спортот и рекреацијата, сообраќајот, другите инфраструктурни системи и урбано-санационите мерки.
3. Со него се дадени параметрите за организацијата на просторот, односите помеѓу содржините, карактеристиките на поднебјето и традицијата и спецификите на културното наследство.
4. Изготвениот Генерален урбанистички план за градот Гевгелија, е основа за изработка на плановите од понизок степен - Детални урбанистички планови за Урбаните блокови на градот Гевгелија, од УБ 1 до УБ 17 или делови

од урбани блокови. Тој ги определува границите на урбаните блокови главно по природните граници, соораќајниците и водотеците.

5. Објектите кои се класифицирани како споменично наследство се концентрирани во блоковите бр. 1 ,2 и 5. Овие блокови се во една низа и всушност го завземаат просторот од каде што почнал урбаниот развој на градот.

Согледувањата кои се однесуваат на привлечноста и можноста за ревитализација, оспособеноста за користење на споменичкото наследство како фактор на одржлив развој, даваат можност највредните објекти да се афирмираат во тој поглед. Објектите кои се наоѓаат во централното градско подрачје, а се со несоодветна намена, или се без намена, можат да се ревитализираат со соодветни содржини кои ќе допринесат за развој на културниот туризам, едукација, одржување на традиција и слично. Археолошките локалитети пак даваат можност за презентација и популаризација на откриените делови од архитектурата на пошироката јавност и развој на маркетиншка пропаганда за културното наследство на овие простори.

Постапувањето според насоките во заштитно конзерваторските основи обезбедува донесување на плански решенија кои нема да бидат во спротивност со законските акти од доменот на наследството, што ќе овозможи услови за нивна соодветна имплементација. На тој начин ќе се избегнат негативните импликации од забрзаната урбанизација и ќе се овозможи вклучување на културното наследство во современиот урбан развој.

Валоризација

Заштитата на историското јадро не се однесува исклучиво на поединечниот споменик, туку на комплетната урбана вредност и нејзино вклопување во новата слика, животот и потребите на градот.

Следејќи ја разместеноста на објектите со културно-историски вредности, може да се констатира дека постојат неколку ансамбли во кои се застапени поголем број на објекти кои го одредуваат споменичкиот карактер на зоната и формираат **споменичка целина**.

Најкомпактно сочувано е подрачјето на старата чаршија, односно нејзините сочувани блокови по ул.Бранд Петрушев и 7 - ми Ноември, која има статус на споменичка целина, заштитена со закон.

Во непосредна близина на чаршијата, по улицата Маршал Тито се наоѓа сочуван блок од објекти -Блок А,кој започнува со зградата на старото радио, формирајќи **споменичка целина**.

Во централната градска зона, формирано е заштитено подрачје кое ги опфаќа двете споменични целини и повеќе објекти ,меѓу кои и зградата на Министерство за Одбрана, како и објектот до него со КП 1927,зградата на филатурата со КП 1953 и административниот објект со КП 5570.

Објектот на Општината, Канговиот конак, Амамот, Андреевиот Конак, Зградата на библиотеката, зградата на Музејот, Вила Тина ,како и железничката станица имаат статус на објекти заштитени со закон.

Останатите објекти се разбиени главно по должината на ул. Маршал Тито и се означени како **поединечни објекти со културно-историски вредности**.

Дел од овие поединечни објекти не се заштитени но имаат доволно елементи врз основа на кои може да бидат анализирани и валоризирани со цел да бидат ставени под заштита.

Режим на заштита на споменичката Целина

Споменичката целина подлежи под режим од втор степен на заштита.

Овој режим подразбира :

Зачувување на изворната состојба и можност за адаптација на ентериерот, можност за ревитализација и уредување. Да се задржи намената на објектите или да и се даде соодветна слична намена.На споменичната Целина Стара чаршија не се дозволува изградба на објекти за колективно домување.

- Уредување или изградба на нови објекти на нови локации под одредени услови

Уредувањето или изградбата на нови објекти на нови локации под одредени услови, треба да се одвива согласно на сите позитивни законски прописи. Изградбата на нови објекти на нови локации треба да биде по одредени услови со оригинален архитектонски израз сообразен со карактерот на зоната.

Режим на заштита на археолошките локалитети

За археолошкиот локалитет Вардарски Рид, се определува режим на заштита од **прв степен**, што подразбира превземање само на дејствија за одржување и обезбедување на отворените простори на локалитетот, се до конечно археолошко истражување, ископување и презентација на локалитетот. Дозволени се минимални интервенции на откриените објекти, сведени првенствено на одржување, конзервација, анастилоза и презентација на објектите. Дозволена е изградба единствено на објекти во функција на локалитетот за туристичка и научна презентација на локалитетот со претходно целосно истражување на микро локацијата и изработка на конзерваторски проекти за добивање конзерваторско одобрение од УЗКН на РМ.

Во зоната на археолошкиот локалитет за време на превземање на било какви инфраструктурни зафати потребно е ангажирање на археолошки надзор.

При изведување на градежни, земјоделски или други работи на археолошките локалитети изведувачите се должни согласно член 65 во делот

за случајни откритија од Законот за заштита на културното наследство да се придржуваат на наведените прописи во истиот.

На местото на новопроектираната патна петља на западната страна од локалитетот,пред изградбата на истата, да се изврши претходно археолошко истражување.

За археолошкиот локалитет Сува Река, се определува режим на заштита од **втор степен**, дефиниран во ДУП за централно градско подрачје (урбани блокови бр.1.3, 1.4, 2.3) што подразбира дека Археолошкиот локалитет Сува река, во рамките на своите граници претставува заштитена целина која има контактна зона. Контактната зона на оваа целина на север е просторот помеѓу осовините на улиците Ристо Фршинин и Илија Миов, а на јужната, источната и западната страна ,контактната зона се улиците по кои се движи границата на планскиот опфат.

Во заштитената целина и контактната зона не се дозволени никакви интервенции без конзерваторско одобрение издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

Во заштитената зона, при изведба и изградба на објекти ,задолжителни се археолошки ископувања и конзерваторски истражувања ,а согласно став 4 од член 74 од Законот за заштита на културното наследство, трошоците за извршување заштитно конзерваторски услови, односно мерки на заштита се на товар на инвеститорот.

При изведување на градежни, земјоделски или други работи на археолошкиот локалитет, изведувачите се должни согласно член 65 во делот за случајни откритија од Законот за заштита на културното наследство, да се придржуваат на наведените прописи во истиот.

Контакната зона на археолошкиот локалитет Сува река подлежи под режим на заштита од трет степен, што подразбира дека за објектите во контактната зона не се дозволени никакви интервенции без конзерваторско одобрение издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

Режим на заштита на поединечни добра

Режим на заштита од прв степен

Не се допуштаат интервенции врз заштитените добра кои можат да го загрозат споменичкиот карактер. Не се дозволува вградување и замена на градежните елементи и материјали кои не соодејствуваат со споменичкиот карактер на објектот (ПВЦ или метална столарија, кровен покривач). Интервенциите се сведени првенствено на одржување или ситни поправки на објектите и отворените простори, како и конзервација на ентериерот, екстериерот и

архитектонските детали. За сите зафати на заштитените добра потребно е да се исполнат посебни барања и претходно конзерваторско одобрение од надлежната институција - Управата за заштита на културното наследство.

Режим на заштита од втор степен

Зачувување на изворната состојба на екстериерот и можност за адаптација на ентериерот, можност за ревитализација, уредување на парцелата која му припаѓа.

Посебни мерки на заштита
За објектите од прв степен на заштита

-Минимални интервенции врз заштитените добра

Овие објекти како главен императив имаат задржување во границите на постојната парцелација. Тоа подразбира и соодветен однос и почитување на надворешниот изглед на објектите, зачувување на постојниот габарит и височина, како и зачувување на ентериерот. Бидејќи границите на овие добра се дефинирани во границите на КП, во истите не се дозволува изградба или доградба на нови објекти. Треба да се инсистира и на задржување на константните специфични архитектонски елементи, детали, орнаментација и слично, со што се одредува и степенот на почитување на автентичноста на објектите. Во контекст на горенаведеното да се вршат и конзерваторски интервенции на архитектонските детали.

- Работи на ревитализација

При ревитализацијата на овие објекти потребно е задржување на постојните функции, а при воведување на нови функции да се води сметка за физичките можности на објектот.

За објектите од втор степен на заштита

- Зачувување на изворната состојба

Овие објекти како главен императив имаат задржување во границите на постојната парцелација. Тоа подразбира и соодветен однос и почитување на надворешниот изглед на објектите, зачувување на постојниот габарит и височина, без можност за надградба и доградба. Бидејќи границите на овие добра се дефинирани во границите на КП, во истите не се дозволува изградба на нови објекти, освен за потребите за функционирање на постојниот објект. Треба да се инсистира и на задржување на константните специфични архитектонски елементи, детали, орнаментација и слично, со што се одредува и степенот на почитување на автентичноста на објектите.

- Можност за адаптација на ентериерот

Во ентериерот на овие објекти можат да се вршат сите видови на пренамена и адаптација на внатрешниот простор според потребите на функцијата, без конструктивно нарушување на логичноста на материјалите и автентичната конструкција. Во исклучителни случаи, кога станува збор за автентични, стилски издржани и обликувано препознатливи елементи (таваници, декорација, подови, sидна пластика и сл.) треба да се инсистира задржување на истите и нивно соодветно третирање и вградување во новите интервенции. По потреба, во зависност од состојбата на објектите, можно е конструктивно зајакнување со современи конструкции и материјали во внатрешноста на објектот.

- Работи на ревитализација

При ревитализацијата на овие објекти според можностите потребно е задржување на постојните функции, а при воведување на нови функции да се води сметка за можностите на објектот и да се спроведува според усвоен проект

10. Општи услови за изградба

- Сите елементи на планирањето во плановите од пониско ниво (Детални урбанистички планови) треба да бидат изработени во согласност со Генералниот Урбанистички план на град Гевгелија. За сите елементи кои не се опфатени во овој план треба да се постапува согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање(Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09,124/10,53/11) како и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на Република Македонија број 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10, 64/11,98/11,169/11).
- Предметниот плански опфат за ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања 2011-2021 е дефиниран со следните граници:
  Север – КО Мрзенци:КП 1271, 1270, ја пресекува 1269, ја пресекува 145, ја пресекува 146, 144, ја пресекува 155, ја пресекува 833, ја пресекува 927, ја пресекува 928, ја пресекува 926, ја пресекува 933, сообраќаен коридор на автопат А1(Е-75), осовина на канал Рауљ, осовина на рег.корито на р.Вардар,осовина на рег. корито на р.Сува,

  КО Гевгелија:КП 206, 248/2, 248/41, 250, 252, 275, 277, 315, 317, 321, 367, 642, ја пресекува 649, 645, 648, 663, 662, 650, ја пресекува 649, ја пресекува 354, 353, ја пресекува 352, ја пресекува 350, ја пресекува 334, 329, ја пресекува 330/1, ја пресекува 337, ја пресекува 338, ја пресекува 649, осовина на рег. корито на р.Сува, ја пресекува 7515, ја пресекува 7545, ја пресекува 7511, 7535/3, 7536, ја пресекува 7529, ја пресекува 7525, ја пресекува 7531/2, ја пресекува 7531/1, ја пресекува 7566, 7562/2, 7563/3, 7564/2, ја пресекува 7566, ја пресекува 7567/1,

7566, 7590, 6432, ја пресекува 6456, ја пресекува 6421, ја пресекува 6418, сообраќаен коридор на Р1108 , 6393, 6372/3, 6372/2, 6368, ја пресекува 6367, 5909, 6169, 6030, 6173, 6174, 6170/3, ја пресекува 6167, ја пресекува 418, ја пресекува 398, ја пресекува 396, ја пресекува 392/1, 392/61, 392/41, ја пресекува 393, 387, ја пресекува 69, 84, 81, 43, 49/1, 49/2, ја пресекува 30, 45, 38, 13.

КО Мрзенци: КП 1601, 1609, 1605/1, 1607, 1606, 1605/2, ја пресекува 1665, ја пресекува 58, 1374, 1373, 1372, 1371, 1350, 1351, 1352, 1353, 1354, 1356, 1357, 1358, 1360, 1664, 1414, 1415, 1416, 1417, 1418, 1419, 1420, 1421, 1291, 1292, 1294, 1296, 1297, 1283, 1280, 1279, 1275, 1274, 1273, 1272.

- Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.
- Параметрите во однос на **процентот на изграденост,** како и на **коефициентот на искористување на земјиштето** е во рамките на предвидените со Правилникот, а посебни параметри за урбанистичките парцели ќе бидат предмет на поконкретни показатели на ниво на Детален урбанистички план.
- При оформување на содржините во рамките на Деталните урбанистички планови во потполност да се почитуваат и применуваат **мерки и режими за заштита дефинирани во заштитно конзерваторски основи за Генералниот урбанистички план на град Гевгелија, изработени од Национална установа Завод за заштита на споменици на културата и музеј Струмица од 2012 година, и тоа:**

    - **Режим на заштита на споменичката Целина**
    - Споменичката целина подлежи под режим од втор степен на заштита.
    - Овој режим подразбира :
    - Зачувување на изворната состојба и можност за адаптација на ентериерот, можност за ревитализација и уредување. Да се задржи намената на објектите или да и се даде соодветна слична намена.На споменичната Целина Стара чаршија не се дозволува изградба на објекти за колективно домување.
    - **Режим на заштита на археолошките локалитети**
    - За археолошкиот локалитет Вардарски Рид, се определува режим на заштита од **прв степен**, што подразбира превземање само на дејствија за одржување и обезбедување на отворените простори на локалитетот, се до конечно археолошко истражување, ископување и презентација на локалитетот.
    - За археолошкиот локалитет Сува Река, се определува режим на заштита од **втор степен**, дефиниран во ДУП за централно градско подрачје (урбани блокови бр.1.3, 1.4, 2.3) што подразбира дека

Археолошкиот локалитет Сува река, во рамките на своите граници претставува заштитена целина која има контактна зона.

- Во заштитената целина и контактната зона не се дозволени никакви интервенции без конзерваторско одобрение издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

- Процентот на озеленување на ниво на блоковите се добива кога ќе се соберат сите предвидени озеленувања во блокот (јавно зеленило и зеленило планирано во пооделни парцели).
- При оформување на содржините во рамките на локалитетот се применуваат соодветни **мерки за заштита на елементите на животната средина,** при оформувањето на зелените површини, а по конкретно разработени на ниво на Детален урбанистички план.
- Со цел да се спречат архитектонските **бариери** при движење на инвалидизирани лица се предвидува пред секоја денивелација на тротоарите, пешачките патеки, партерите, како и влезовите во јавните и објектите за домување, да се постават рампи за движење на инвалидски колички и посебни возила.
- По однос на **заштита од природни непогоди**, објектите треба да се изградат согласно важечките технички прописи од соодветните области. По однос на **технолошките непогоди**, треба да бидат превземни сите мерки за заштита со изработката на проектите и примената на соодветната технологија.
- Согласно Законот за **заштита и спасување** во процесот на просторно и урбанистичко планирање и проектирање се води сметка за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на појава на пожари. Согласно кон изнесеното предвидени се следните Плански мерки за заштита од пожар:
  -Сообраќајното решение и начинот на кој треба да се предвиди изграба на објектите треба да овозможи пристап на противпожарно возило од повеќе страни. Сообраќајниците се со доволна ширина и со задоволувачки осовински притисок што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила.

- Во Гевгелија се наоѓа противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар. Времето кое е потребно за пристигнување на противпожарното возило е околу 5 минути до секој објект во рамките на опфатот на градот.

- Потребно е да се предвидат надземни и подземни пожарни хидранти за снабдување на противпожарните возила со вода за гасење.

- Изготвениот Генерален урбанистички план - ГУП за градот Гевгелија, е основен документ, со кој се определени границите на вкупниот опфат на градот и границите на основната територјална поделба на блокови, определени за градба.
- Билансните показатели во него, содржат податоци за површините и намените, показатели за инфраструктурата и параметри за уредување на

просторот на блокови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање(Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09,124/10,53/11)

- Со него се дадени параметрите за организацијата на просторот, односите помеѓу содржините, карактеристиките на поднебјето и традицијата и спецификите на културното и друго наследство.
- Изготвениот Генерален урбанистички план за градот Гевгелија, е основа за изработка на плановите од понизок степен - Детални урбанистички планови за Блокови на градот Гевгелија, или делови од Блоковите. Тој ги определува границите на блокови главно по природните граници, соораќајниците и водотеците.
- Генералниот урбанистички план, како план од пониско ниво, мора да биде усогласен со Просторниот план на Р. Македонија.
- Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.
- Потребите за стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе се решава во рамките на расположивата локација, а во зависност од потребите и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10, 64/11,98/11,169/11).
- При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на инвалидизирани лица особено во делот на достапноста до јавните објекти.
- Сите планирани инфраструктурни системи како и други неспецифицирани линиски инфраструктурни системи (кабловски мрежи, гасоводи и друго) за кои може да се јави потреба за реализација да се водат низ јавни сообраќајни коридори со изработка на соодветна проектна документација
- Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат.

11. Посебни услови за изградба

- Посебни услови за градење во оваа планска документација се однесува на блоковите во рамките на урбаниот опфат и тоа:

- Во текот на реализација на овој План, доколку се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл. 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на Р.М. бр.20/04), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и веднаш да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на чл. 129 од Законот.

- Законска обрска е неопходно да се почитуваат мерките за заштита на животната средина кои ќе се утврдат со изработката на Стратешката оцена на влијанието врз животната средина за планскиот опфат.
- Законски треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување при изработка на Деталните урбанистички планови, согласно Законот за одбрана (Сл. Весник на Р.М. бр.42/01), Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на Р.М. бр.36/04 и 49/04) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник на Р.М. бр.29/05).
- За определувањето на потребниот број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина да се применува член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ 142/10, 64/11,98/11,169/11)
- При изработка на проектна документација за секоја градежна парцела, задолжително да се извршат геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања согласно Законот за градење
- При изработка на Деталните урбанистички планови според претходно изработена Планска програма усвоена од Општина Гевгелија, да се утврдат локации за изградба на бензински пумпни станици со пропратни содржини со целосно почитување на безбедносните услови во согласност со потребните минимални растојанија на крстосниците според категоризацијата на улицата и член 75 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ 142/10, 64/11,98/11,169/11), како и условите согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на Р.М. бр.36/04 и 49/04)

- При изработка на Деталните урбанистички планови задолжителна е заштита на трасите на постоечката комунална инфраструктура,оформување на заштитни појаси на инфраструктурата, дефинирани според услови од страна на одговорните претпријатија кои стопанисуваат со нив, во кои не смее да се гради, со цел да не се наруши нивното правилното функционирање и да се овозможи нивно непречено сервисирање
- При изработка на Деталните урбанистички планови од аспект на постоечкиот железнички сообраќај и инфраструктура задолжително е утврдување и почитување на заштитните коридори во согласност со Законот за железнички системи и Законот за сигурност на железничките системи (Сл.весник на РМ бр.48/10)

11.1 Посебни услови за градба од доменот на водоснабдување и одведување на отпадните води

- Санитарната вода ќе се обезбеди од Регионалниот водоснабдителен систем спрема условите добиени од овластеното комунално претпријатие
- Секоја градба или комплекс од градби, за кои има потреба од водоснабдување, да се поврзе со водоводната мрежа со приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена со сопствената градежна парцела. Приклучокот со примарниот вод да се

изврши према важечките стандарди и нормативи за тој вид на инфраструктура.

- **За намените Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта задолжителен е комплетен третман на отпадните води од сопствениот технолошки процес, а пречистената отпадна вода не смее да биде со понизок квалитет од класата на реципиентот**
- Секоја градба, или комплекс, за кои има потреба од одведување на отпадните води да се поврзе со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал, откако ќе биде извршен третман – пречистување во пречистителна станица, поставена во сопствената парцела.
- Доколку за водоснабдување се користат подземните води динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација, без влошување на квалитетот. Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради кое би дошло до пореметување на режимот на подземните води.

11.2 Посебни услови за градба од доменот на сообраќајната инфраструктура

- Секоја градба сообраќајно да биде поврзана со секундарна улична мрежа во ниво. Се препорачува нивелетата на внатрешната улица да паѓа кон улицата која го формира Урбанистичкиот блок а во правец на нагибот на теренот, во правец на истекот на водата.
- Попречниот наклон на сообраќајниците при изработка на Детални урбанистички планови да се одреди согласно член 38 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти (Сл.весник на РМ бр.142/10, 64/11,98/11,169/11,64/11,98/11,169/11).

Блок 1
Граница на блок:осовина на ул.Слободан Митров Данко, Таља Бикова, Мирче Ацев, Новопланирана 5, Петар Мусев

- Во блок 1 е дефинирано централното градско јадро.
- Границата на централното градско јадро започнува од север кон исток, по осовината на ул.Скопска се до крстосницата со ул.7-ми Ноември по која продолжува кон југ, се до крстосница со ул.Скопска, продолжува по осовината на улицата кон југ и запад се до крстосница со ул.Маршал Тито по чија осовина се движи кон запад се до повторна крстосница со ул.Скопска и по осовината кон север до спој со почетната точка.
- Површината на опфатот на централното градско јадро изнесува 15,5 ха.
- Во централното градско јадро е дефинирана споменичната целина Стара чаршија, со контактна зона.
- Споменичката целина подлежи под режим од втор степен на заштита.
- Овој режим подразбира :
- Зачувување на изворната состојба и можност за адаптација на ентериерот, можност за ревитализација и уредување. Да се задржи намената на објектите или да и се даде соодветна слична намена.На споменичната Целина Стара чаршија не се дозволува изградба на објекти за колективно домување.
- Дел од археолошкиот локалитет Сува Река навлегува во блок 1, за него се определува режим на заштита од **втор степен**, дефиниран во ДУП за централно градско подрачје (урбани блокови бр.1.3, 1.4, 2.3) што подразбира дека Археолошкиот локалитет Сува река, во рамките на своите граници претставува заштитена целина која има контактна зона.

БЛОК	ПОВРШИНА НА БЛОК ха	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ ха	ПРОЦЕНТ НА ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ НА КЛАСА НА НАМЕНА ВО БЛОК
1	63.0	А1-домување во станбени куќи	31.22	49.56%
		В-јавни институции	1.65	2.62%
		В1-образование и наука	2.40	3.81%
		ГРАДСКИ ЦЕНТАР(А,Б,В)	26.50	42.06%
		Е1-комунална инфраструктура	1.23	1.95%

- Во блок 1 преовладува намената А1-домување во станбени куќи со најголем процент, намените В-јавни институции се однесуваат на издвоени намени воглавно образование, додека намената градски центар ги обединува намените А-домување, Б-комерцијални и деловни намени и В-јавни институции, односно процентот на застапеност на овие три намени ќе се утврди со изработка на Детален урбанистички план.

- За планираните класи на намени дозволена е употреба на компатибилни класи во согласност со Табела 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти (Сл.весник на РМ бр.142/10, 64/11,98/11,169/11) кои ќе се утврдат со изработката на Детални урбанистички планови
- При изработка на Детални урбанистички планови, во целост да се почитуваат мерките и режимот на заштита согласно заштитно конзерваторски основи за Генералниот урбанистички план на град Гевгелија, Изработени од Национална установа Завод за заштита на споменици на културата и музеј Струмица од 2012 година

Блок 2
Граница на блок: осовина на ул.Слободан Митров Данко, Борис Кидрич, Новопланирана 2, Новопланирана 5, Мирче Ацев, Таља Бикова

- Во блок 2 дефинирани се повеќе поединечни добра
- Режим на заштита на поединечни добра
- Режим на заштита од прв степен
- Не се допуштаат интервенции врз заштитените добра кои можат да го загрозат споменичкиот карактер. Не се дозволува вградување и замена на градежните елементи и материјали кои не соодејствуваат со споменичкиот карактер на објектот (ПВЦ или метална столарија, кровен покривач). Интервенциите се сведени првенствено на одржување или ситни поправки на објектите и отворените простори, како и конзервација на ентериерот, екстериерот и архитектонските детали. За сите зафати на заштитените добра потребно е да се исполнат посебни барања и претходно конзерваторско одобрение од надлежната институција - Управата за заштита на културното наследство.
- Режим на заштита од втор степен
- Зачувување на изворната состојба на екстериерот и можност за адаптација на ентериерот, можност за ревитализација, уредување на парцелата која му припаѓа.

БЛОК	ПОВРШИНА НА БЛОК ха	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ ха	ПРОЦЕНТ НА ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ НА КЛАСА НА НАМЕНА ВО БЛОК
2	40.8	А1-домување во станбени куќи	21.30	52.21%
		А2-домување во станбени згради	1.69	4.14%
		Б-комерцијални и деловни намени	1.69	4.14%
		В1-образование и наука	0.70	1.72%
		КОМЕРЦИЈАЛНА ЗОНА(А,Б)	6.18	15.15%
		Д1-парковско зеленило	0.30	0.74%
		Д2-заштитно зеленило	1.20	2.94%
		Д4-меморијални простори	4.90	12.01%
		Е2-комунална супраструктура-автобуска станица	0.55	1.35%
		Е1-комунална инфраструктура	2.29	5.61%

- Во блок 2 преовладува намената А1-домување во станбени куќи со најголем процент, комерцијалната зона и постоечките гробишта.
- За планираните класи на намени дозволена е употреба на компатибилни класи во согласност со Табела 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти (Сл.весник на РМ бр.142/10, 64/11,98/11,169/11) кои ќе се утврдат со изработката на Детални урбанистички планови
- При изработка на Детални урбанистички планови, во целост да се почитуваат мерките и режимот на заштита согласно заштитно конзерваторски основи за Генералниот урбанистички план на град

Гевгелија, Изработени од Национална установа Завод за заштита на споменици на културата и музеј Струмица од 2012 година

Блок 15
Граница на блок : осовина на ул.Новопланирана 1, Западна 1, Новопланирана 1, граница на ГУП, ул.Новопланирана 10

БЛОК	ПОВРШИНА НА БЛОК ха	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ ха	ПРОЦЕНТ НА ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ НА КЛАСА НА НАМЕНА ВО БЛОК
15	68.4	А1-домување во станбени куќи	36.36	53.16%
		Б-комерцијални и деловни намени	3.70	5.41%
		В1-образование и наука	2.00	2.92%
		В5-верски институции	0.70	1.02%
		ЛОКАЛЕН ЦЕНТАР(А,Б,В)	7.27	10.63%
		КОМЕРЦИЈАЛНА ЗОНА(А,Б)	11.50	16.81%
		Д3-спорт и рекреација	3.50	5.12%
		Е1-комунална инфраструктура	3.37	4.93%

- Во блок 15 преовладува намената домување во станбени куќи, комерцијалната зона и локалниот центар со мешани намени
- За планираните класи на намени дозволена е употреба на компатибилни класи во согласност со Табела 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти (Сл.весник на РМ бр.142/10, 64/11,98/11,169/11) кои ќе се утврдат со изработката на Детални урбанистички планови

12.Нумерички дел

Табела 1 – нумерички показатели за поделба на блокови

	НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК	ПОВРШИНА НА БЛОК ха
ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГУП НА ГРАД ГЕВГЕЛИЈА	1	63.0
	2	40.8
	3	26.3
	4	49.5
	5	50.1
	6	64.2
	7	61.0
	8	48.5
	9	30.6
	10	77.7
	11	45.2
	12	115.9
	13	24.5
	14	45.2
	15	68.4
	16	35.2
	17	41.8
ВКУПНО		**887.9**

Табела 2 – нумерички показатели за процентуална застапеност на намени во планскиот опфат

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ха	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ ха	ПРОЦЕНТ НА ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ НА КЛАСА НА НАМЕНА ВО ОПФАТ
887.9	А0-домување со посебен режим	24.00	2.70%
	А1-домување во станбени куќи	302.91	34.12%
	А2-домување во станбени згради	37.47	4.22%
	Б-комерцијални и деловни намени	68.18	7.68%
	В-јавни институции	4.90	0.55%
	В1-образование и наука	9.83	1.11%
	В2-здравство и социјална заштита	4.27	0.48%
	В4-државни институции	2.48	0.28%
	В5-верски институции	0.70	0.08%
	производство,дистрибуција и сервиси (Г2,Г3,Г4)	129.16	14.55%
	Д1-парковско зеленило	24.10	2.71%
	Д2-заштитно зеленило	56.58	6.37%
	Д3-спорт и рекреација	16.70	1.88%
	Д4-меморијални простори	15.04	1.69%
	Е1-комунална инфраструктура	71.78	8.08%
	Е2-комунална супраструктура-автобуска станица	0.55	0.06%
	Е2-комунална супраструктура-катна гаража	0.15	0.02%
	Е2-комунална супраструктура-бензинска пумпна станица со придружни содржини	4.25	0.48%
	Е2-комунална супраструктура - жел.станица со придружни содржини	3.00	0.34%
	Е3-некомпатибилна инфраструктура-трафостаница 110кВА	0.80	
	ГРАДСКИ,ЛОКАЛНИ ЦЕНТРИ (А,Б,В)	40.17	4.52%
	КОМЕРЦИЈАЛНА ЗОНА(А,Б)	56.56	6.37%
	РЕКА	14.30	1.61%

БЛОК	ПОВРШИНА НА БЛОК ха	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ ха	ПРОЦЕНТ НА ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ НА КЛАСА НА НАМЕНА ВО БЛОК
1	63.0	А1-домување во станбени куќи	31.22	49.56%
		В-јавни институции	1.65	2.62%
		В1-образование и наука	2.40	3.81%
		ГРАДСКИ ЦЕНТАР(А,Б,В)	26.50	42.06%
		Е1-комунална инфраструктура	1.23	1.95%
2	40.8	А1-домување во станбени куќи	21.30	52.21%
		А2-домување во станбени згради	1.69	4.14%
		Б-комерцијални и деловни намени	1.69	4.14%
		В1-образование и наука	0.70	1.72%
		КОМЕРЦИЈАЛНА ЗОНА(А,Б)	6.18	15.15%
		Д1-парковско зеленило	0.30	0.74%
		Д2-заштитно зеленило	1.20	2.94%
		Д4-меморијални простори	4.90	12.01%
		Е2-комунална супраструктура-автобуска станица	0.55	1.35%
		Е1-комунална инфраструктура	2.29	5.61%
3	26.3	А1-домување во станбени куќи	10.90	41.44%
		А2-домување во станбени згради	2.50	9.51%
		Б-комерцијални и деловни намени	0.40	1.52%
		В1-образование и наука	3.13	11.90%
		В2-здравство и социјална заштита	1.37	5.21%
		КОМЕРЦИЈАЛНА ЗОНА(А,Б)	4.36	16.58%
		Е2-комунална супраструктура-катна гаража	0.15	0.57%
		Е2-комунална супраструктура-бензинска пумпна станица со придружни содржини	0.13	0.49%
		Е1-комунална инфраструктура	3.36	12.78%
4	49.5	А1-домување во станбени куќи	34.30	69.29%
		А2-домување во станбени згради	6.00	12.12%
		Б-комерцијални и деловни намени	1.80	3.64%
		В1-образование и наука	0.60	1.21%
		КОМЕРЦИЈАЛНА ЗОНА(А,Б)	5.70	11.52%
		Е1-комунална инфраструктура	1.10	2.22%
5	50.1	А1-домување во станбени куќи	35.39	70.64%
		А2-домување во станбени згради	1.90	3.79%
		КОМЕРЦИЈАЛНА ЗОНА(А,Б)	6.30	12.57%
		Д3-спорт и рекреација	4.30	8.58%
		Е1-комунална инфраструктура	2.21	4.41%
6	64.2	А0-домување со посебен режим	24.00	37.38%
		А1-домување во станбени куќи	1.30	2.02%
		Б-комерцијални и деловни намени	5.43	8.46%

		В2-здравство и социјална заштита	2.90	4.52%
		Д1-парковско зеленило	19.40	30.22%
		Д2-заштитно зеленило	6.17	9.61%
		Д3-спорт и рекреација	2.50	3.89%
		Е1-комунална инфраструктура	2.50	3.89%
7	61.0	А1-домување во станбени куќи	44.22	72.49%
		А2-домување во станбени згради	1.20	1.97%
		В4-државни институции	1.98	3.25%
		ЛОКАЛЕН ЦЕНТАР(А,Б,В)	6.40	10.49%
		КОМЕРЦИЈАЛНА ЗОНА(А,Б)	3.50	5.74%
		Е1-комунална инфраструктура	3.70	6.07%
8	48.5	А2-домување во станбени згради	20.35	41.96%
		Б-комерцијални и деловни намени	6.80	14.02%
		В-јавни институции	3.25	6.70%
		Д1-парковско зеленило	4.40	9.07%
		Д2-заштитно зеленило	6.12	12.62%
		РЕКА	3.60	7.42%
		Е1-комунална инфраструктура	3.98	8.21%
9	30.6	А1-домување во станбени куќи	20.95	68.46%
		Б-комерцијални и деловни намени	0.70	2.29%
		В1-образование и наука	1.00	3.27%
		Д2-заштитно зеленило	4.00	13.07%
		Д3-спорт и рекреација	1.60	5.23%
		Е1-комунална инфраструктура	2.35	7.68%
10	77.7	А2-домување во станбени згради	3.83	4.93%
		Б-комерцијални и деловни намени	17.40	22.39%
		В4-државни институции	0.50	0.64%
		производство,дистрибуција и сервиси (Г2,Г3,Г4)	46.98	60.46%
		Д2-заштитно зеленило	0.60	0.77%
		КОМЕРЦИЈАЛНА ЗОНА(А,Б)	1.47	1.89%
		Е2-комунална супраструктура-бензинска пумпна станица со придружни содржини	0.22	0.28%
		Е3-некомпатибилна инфраструктура-трафостаница 110кВА	0.80	1.03%
		Е1-комунална инфраструктура	5.90	7.59%
11	45.2	Б-комерцијални и деловни намени	9.17	20.29%
		производство,дистрибуција и сервиси (Г2,Г3,Г4)	15.40	34.07%
		Д2-заштитно зеленило	8.90	19.69%
		Е2-комунална супраструктура-бензинска пумпна станица со придружни содржини	0.70	1.55%
		Е1-комунална инфраструктура	11.03	24.40%
12	115.9	Б-комерцијални и деловни намени	13.60	11.73%
		производство,дистрибуција и сервиси (Г2,Г3,Г4)	50.53	43.60%

		Д2-заштитно зеленило	22.60	19.50%
		Е2-комунална супраструктура-бензинска пумпна станица со придружни содржини	3.20	2.76%
		Е2-комунална супраструктура - жел.станица со придружни содржини	3.00	2.59%
		РЕКА	7.60	6.56%
		Е1-комунална инфраструктура	15.37	13.26%
13	24.5	Д2-заштитно зеленило	6.19	25.27%
		Д4-меморијални простори	10.14	41.39%
		РЕКА	2.30	9.39%
		Е1-комунална инфраструктура	5.87	23.96%
14	45.2	А1-домување во станбени куќи	11.19	24.76%
		Б-комерцијални и деловни намени	3.24	7.17%
		производство,дистрибуција и сервиси (Г2,Г3,Г4)	16.25	35.95%
		Д2-заштитно зеленило	0.80	1.77%
		Д3-спорт и рекреација	4.80	10.62%
		КОМЕРЦИЈАЛНА ЗОНА(А,Б)	4.30	9.51%
		РЕКА	0.80	1.77%
		Е1-комунална инфраструктура	3.82	8.45%
15	68.4	А1-домување во станбени куќи	36.36	53.16%
		Б-комерцијални и деловни намени	3.70	5.41%
		В1-образование и наука	2.00	2.92%
		В5-верски институции	0.70	1.02%
		ЛОКАЛЕН ЦЕНТАР(А,Б,В)	7.27	10.63%
		КОМЕРЦИЈАЛНА ЗОНА(А,Б)	11.50	16.81%
		Д3-спорт и рекреација	3.50	5.12%
		Е1-комунална инфраструктура	3.37	4.93%
16	35.2	А1-домување во станбени куќи	21.94	62.36%
		Б-комерцијални и деловни намени	4.25	12.08%
		КОМЕРЦИЈАЛНА ЗОНА(А,Б)	6.69	19.02%
		Е1-комунална инфраструктура	2.30	6.54%
17	41.8	А1-домување во станбени куќи	33.84	80.96%
		КОМЕРЦИЈАЛНА ЗОНА(А,Б)	6.56	15.69%
		Е1-комунална инфраструктура	1.40	3.35%
НАДВОР ОД ОПФАТ НА ГУП		Е3-некомпатибилна инфраструктура-пречистителна станица	1.10	

ТАБЕЛА 3. ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ

1-1 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА АВТОПАТ А1 (Е-75)

2-2 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА БУЛ.ГЕВГЕЛИЈА (ИЗВЕДЕН ПРОФИЛ)



4-4 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА 7-МИ НОЕМВРИ (ИЗВЕДЕН ПРОФИЛ)



5-5 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА 7-МИ НОЕМВРИ
7-7, 8-8, 12-12 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА НОВОПЛАНИРАНА 2
14-14 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА НОВОПЛАНИРАНА 6



6-6 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА НОВОПЛАНИРАНА 1



3-3 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА БУЛ.ГЕВГЕЛИЈА



9-9 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА НОВОПЛАНИРАНА 3
10-10 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА ЗАПАДНА 1
11-11 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА НОВОПЛАНИРАНА 5
13-13 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА БОРИС КИДРИЧ
15-15 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА НОВОПЛАНИРАНА 6



ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА РЕГУЛИРАНО КОРИТО НА РЕКА СУВА

13.Билансни показатели

Табела 3 – споредбени билансни показатели за постоечка и планирана состојба

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ха	
ГУП НА ГЕВГЕЛИЈА 2006-2016	ГУП НА ГЕВГЕЛИЈА 2011-2021
800.90	887.90

	ПОСТОЕЧКА СОСТОЈБА	ГУП НА ГЕВГЕЛИЈА 2011-2021
ПОВРШИНА(ха) НАМЕНА ДОМУВАЊЕ	164.00	363.74
ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ макс.70%	114.80	254.62